Јорданчо Секуловски

Quentin Meillassoux,
**Après la finitude,**
**Essai sur la nécessité de la contingence,**
Editions du Seuil, Paris, 2006.

Овој краток есеј претставува потфат од особена важност како обид одново да се постави проблемот кој ѝ го даде сјајот на Кантовата философска критика, која, пак, на свој начин, ја преполови историјата на мислењето. Истиот проблем можеме во поедноставена форма да го пронајдеме кај Хјум, кадешто нè води кон нужноста на законитостите на природата.

Од каде оваа таканаречена нужност?

Кант е јасен, исто како и Хјум: одговорот е дека сè произлегува од нашето искуство. Не обидувајќи се да ја поистовети нужноста со онаа таканаречена нужност на законитостите на природата, Кант заклучува дека нужноста не произлегува од нашата сетилна перцепција, туку таа мора да има друг извор, а тоа е активноста која го конституира универзалниот субјект, кого Кант го нарекува „трансцендентален субјект“.

Оваа дистинкција помеѓу емпириската даденост и транценденталната поставеност е навидум рамката во која се обликува севкупната современа мисла, односно сето мислење на модалитети како „нужност“ и „контингентност“, оние за кои размислуваа Делез и Фуко.

Jordanço Sekulovski

Quentin Meillassoux,
**Après la finitude,**
**Essai sur la nécessité de la contingence,**
Editions du Seuil, Paris, 2006.

Kjo ese e shkurtër paraqet një ndërmarrje të një rëndësie të veçantë si orvatje që përsëri të shtrohet çështja e cila ia dha shkëlqimin kritikës filozofike të Kantit dhe e cila në mënyrë të vet e ndau më dysh historinë e mendimit. Çështjen e njëjtë, në formë më të thjeshtë mund ta gjejmë te Hjumi, që na shpie te nevoja e ligjshmërive të natyrës.

Prej nga kjo ashtuquajtur nevojë?

Kanti është i qartë njësoj si Hjumi: përgjigjja është se çdo gjë del nga përvoja jonë. Duke mos u orvatur që ta identifikojë nevojën me atë të ashtuquajturën nevojë të ligjshmërive të natyrës, Kanti vjen në përfundim se nevoja nuk del nga perceptimi ynë ndiesor, por ajo duhet ta ketë një burim tjetër, që është aktiviteti i cili e konstrukton subjektin universal, të cilin Kanti e quan “subjekti transcendental”.

Ky distingsion midis asaj të dhënës empirike dhe shtruarjes transcendentale në dukje të parë është korniza në të cilën formohet mendimi i përgjithshëm bashkëkohor, përkatësisht i gjithë mendimi i modaliteteve si “nevojë” dhe “kontingjentësi”, ato për të cilat përsiasnin Delezi dhe Fukoja.

Авторот, како и Кант, се обидува да ја сочува нужноста, вклучувајќи ја тука и логичката нужност, сепак, како и Хјум, признава дека нема цврст темел за да се постави природната нужност. Неговиот обид потврдува само едно нешто како апсолутно нужно, тоа, дека законите на природата се контингентни.

Понатаму авторот се надоврзува на последиците на поставениот проблем („што е она што можам да го спознаам?“) во насока на два нови аспекти: „што е она што треба да го правам?“ и „што е она на кое што треба да се надевам?“.

Дали постои апсолутна логичка нужност? Дали постои радикална контингентност? Можеби можеме да го мислиме она што е, но дали нашата мисла е зависна од претпоставениот предмет кој  самата го конституира?

Авторот ја фокусира расправата околу принципот на каузалност што го именува како „принцип на униформитет на природата“, заклучувајќи дека нужноста во светот е поинаква од онаа со логичко-математички предзнак. Односно, станува збор за нужност којашто претставува еден вид физичка нужност.

Ако проблемот на Хјум го разбудил Кант од неговата догматска дремка, според авторот, нам ни преостанува да се разбудиме од нашата заемна дремка и да се обидеме да ги помириме мислата и апсолутот. Така не само што е можно да се постави апсолутното поле на мислењето, туку тоа е и нужно.

Autori, si edhe Kanti, orvatet ta ruajë nevojën, duke e përfshirë këtu edhe nevojën logjike, megjithatë, si Hjumi, pranon se nuk ka themel të fortë që të vendoset nevoja e natyrshme. Orvatja e tij vërteton vetëm një gjë si absolutisht të nevojshme, se ligjet e natyrës janë kontingjente.

Më tej autori ndërlidhet me pasojat e çështjes së shtruar (“Çfarë është ajo të cilën mund njohë”) në drejtim të të dy aspekteve të reja: “Çfarë është ajo që duhet ta bëj”? dhe “Çfarë është për të cilën duhet të shpresoj”?

A e ekziston nevojë logjike absolute? A ekziston kontingjentja radikale? Ndoshta mund ta mendojmë atë që është, por a është i varur mendimi ynë nga lënda e supozuar, që e konstituon vetë?

Autori e fokuson e trajtesën rreth parimit të kauzalitetit që e quan si “parim i uniformitetit të natyrës” duke ardhur në përfundim se nevoja në botë është e ndryshme nga ajo me parashenjë logjike-matematike. Pra bëhet fjalë për një nevojë e cila paraqet një farë nevoje fizike.

Nëse çështja e Hjumit e ka zgjuar Kantin nga gjumi i tij dogmatik, sipas autorit, neve na mbetet të zgjohemi nga gjumi ynë i ndërsjellë dhe të përpiqemi t’i pajtojmë mendimin dhe absolutin. Kësisoj jo vetëm që është e mundur të shtrohet fusha absolute e të menduarit, por kjo është edhe e nevojshme.

Përkthim: Lindita Ahmeti